**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03-216
23.04. **2018 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), а во врска со член 14 и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13 и 13/14), точка 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен административен надзор, бр.10-1913/1 од 13.04.2018 година, поради неисполнување на обврската за објавување на податоци согласно со член 14 од Законот за медиуми од страна на Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје, Директорот на Агенцијата го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка – опомена**

1. СЕ ОПОМЕНУВА Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје, заради извршена повреда на член 14 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13 и 13/14), а казнива по член 30 став 1 точка 3 и став 2 од истиот Закон, на начин што Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје во дел од програмите емитувани во рамките на својот програмски сервис на 19 март 2018 година, и тоа: „Храмови", репортажа за црквата-Св.Јован Богослов Канео-Охрид; Репортажа за Крушево; Репортажа: „Виена – градот на музиката"; „Неформално", ТВ – портрет на Елена Пандева, сопственичка на фирмата „Елена Лука"; „Досие", актуелно – информативна со документаристички пристап; „Неформално", ТВ – портрет на д-р Владимир Чадиковски, специјалист по детска хирургија; „Неформално", ТВ – портрет на Тони Зен, хип-хоп артист; „Храмови"- репортажа за црквата – Св. Пророк Илија, с. Рамна; „Неформално", ТВ – портрет на Вера Милошевска, пејачка; „Досие", актуелно – информативна со документаристички пристап; „Неформално", ТВ – портрет на д-р Владимир Чадиковски, специјалист по детска хирургија и Репортажа за Чернобил; не ги објави податоците: со кои се идентификуваат авторите што учествувале во подготовката на аудиовизуелните содржини; за носителот на авторските права; за одговорниот уредник/уредниците на програмите; за потеклото и датумот на продукција на аудиовизуелните дела; името на медиумот од каде што е преземена содржината итн., кои податоци радиодифузерот е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е по наслов на емисија, период на емитување и опис на прекршување во Писмениот извештај за извршен административен надзор, бр.10-1913/1 од 13.04.2018 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје, во рок од 45 (четириесет и пет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по решението.

4. Ова Решение е конечно.

## Образложение

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13 и 13/14), надлежна е да врши административен надзор на работењето на издавачите на медиуми од аспект на усогласеноста на нивното работење со обврските од членовите 6, 8, 14 и 15 од Законот за медиуми.

Во согласност со член 29 став 2 од Законот за медиуми, мерките кои Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како надлежно регулаторно тело може да ги преземе, а кои се утврдени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, соодветно се применуваат и во случај на повреда на одредбите од Законот за медиуми.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерка – решение за опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени врз основа на него, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и другите акти на Агенцијата.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во рамките на своите законски надлежности, преку Секторот за програмски работи, на 12 април 2018 година, изврши редовен административен надзор на телевизискиот програмски сервис на Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје, емитуван на 19 март 2018 година, при што констатираше прекршување на член 14 од Законот за медиуми.

Имено, со надзорот е констатирано дека во дел од програмите емитувани во рамките на програмскиот сервис на Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје, на 19 март 2018 година, и тоа: „Храмови“, репортажа за црквата-Св.Јован Богослов, Канео-Охрид (емитувана во периодот од 07:00:56 часот до 07:34:45 часот); Репортажа за Крушево (емитувана во периодот од 07:36:29 часот до 07:54:25 часот); Репортажа: „Виена – градот на музиката“ (емитувана во периодот од 08:39:57 часот до 08:54:29 часот); „Неформално“, ТВ – портрет на Елена Пандева, сопственичка на фирмата „Елена Лука“ (емитуван во периодот од 09:01:27 часот до 09:52:22 часот); „Досие“, актуелно – информативна со документаристички пристап (емитувана во периодот од 10:00:45 часот до 10:29:07 часот); „Неформално“, ТВ – портрет на д-р Владимир Чадиковски, специјалист по детска хирургија (емитуван во периодот од 11:00:37 часот до 11:49:56 часот); „Неформално“, ТВ – портрет на Тони Зен, хип-хоп артист (емитуван во периодот од 14:01:48 часот до 14:50:57 часот); „Храмови“- репортажа за црквата – Св. Пророк Илија, с.Рамна (емитувана во периодот од 16:33:38 часот до 16:49:34 часот); „Неформално“, ТВ – портрет на Вера Милошевска, пејачка (емитуван во периодот од 16:59:15 часот до 17:46:45 часот); „Досие“, актуелно – информативна со документаристички пристап (емитувана во периодот од 18:01:16 часот до 18:29:37 часот); „Неформално“, ТВ – портрет на д-р Владимир Чадиковски, специјалист по детска хирургија (емитуван во периодот од 19:27:54 часот до 20:15:41 часот); и Репортажа за Чернобил (емитувана во периодот од 20:51:15 часот до 21:12:29 часот), спротивно на членот 14 од Законот за медиуми не се објавени податоците: со кои се идентификуваат авторите што учествувале во подготовката на аудиовизуелните содржини; за носителот на авторските права; за одговорниот уредник/уредниците на програмите; за потеклото и датумот на продукција на аудиовизуелните дела; името на медиумот од каде што е преземена содржината итн., кои

податоци радиодифузерот е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

Повредата од точка 1 од ова решение, специфицирана е по наслов на емисија, период на емитување и опис на прекршување во Писмениот извештај за извршен административен надзор, бр.10-1913/1 од 13.04.2018 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а во врска со член 14 и член 29 од Законот за медиуми, точка 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст), бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.10-1913/1 од 13.04.2018 година, поради неисполнување на обврската за објавување на податоци согласно со член 14 од Законот за медиуми, Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, донесе Решение, со кое се опоменува Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје и му се наложува во рок од 45 (четириесет и пет) дена од денот на приемот на ова Решение да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него издавачот на медиум (радиодифузерот) може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение издавачот на медиум (радиодифузерот) може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**
-Писмен извештај за извршен административен надзор бр.10-1913/1 од 13.04.2018 година.

**Доставено до:**

- Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје;
- Одговорното лице на програмата во Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје;
- Привремениот стечаен управник на Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје - Владица Ивановска, ул. „Ленинова“ бр.12/3-4, Свети Николе;
- Сектор за правни и економско – финансиски работи;
- Сектор за програмски работи; и
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 13.04.2018 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 1913 | 1 | |


**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** редовен
2. **Субјект на надзорот:** Телевизискиот програмски сервис на Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје;
3. **Период опфатен со надзорот:** 19 март 2018 година;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 12 април 2018 година;
5. **Предмет на надзорот:**
   - **Член 14 од Законот за медиуми** (Импресум)
   - **Член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Информации достапни за корисниците)
   - **Член 97 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Идентификација на радиодифузер)
6. **Претходно изречена мерка:** нема;
7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот административен надзор врз програмскиот сервис на Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје, емитуван на 19 март 2018 година, на државно ниво, **констатирано е прекршување на членот 14 од Законот за медиуми.**

Во дел од програмите емитувани на 19 март 2018 година, не се објавени податоците со кои: се идентификуваат авторите што учествувале во подготовката на аудиовизуелните содржини, за носителот на авторските права, за одговорниот уредник / уредниците на програмите, за потеклото и за датумот на продукција на аудиовизуелните дела, името на медиумот од каде што е преземена содржината итн.,

што радиодифузерот е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

| Наслов на емисијата | Период на емитување | | Опис на прекршувањето |
|---|---|---|---|
| | почеток | крај | |
| „Храмови", репортажа за црквата - Св. Јован Богослов, Канео – Охрид | 07:00:56 | 07:34:45 | Ниту на најавна ниту на одјавна шпица нема податоци – ни за датумот / периодот на реализацијата, ни за продуцентот, ни за авторската и уредувачката екипа што ги реализирала програмите. |
| Репортажа за Крушево | 07:36:29 | 07:54:25 | |
| Репортажа: „Виена - градот на музиката"; | 08:39:57 | 08:54:29 | |
| „Неформално", ТВ - портрет на Елена Пандева, сопственичка на фирмата „Елена Лука"; | 09:01:27 | 09:52:22 | |
| „Досие", актуелно - информативна со документаристички пристап; | 10:00:45 | 10:29:07 | |
| „Неформално", ТВ - портрет на д-р Владимир Чадиковски, специјалист по детска хирургија; | 11:00:37 | 11:49:56 | |
| „Неформално", ТВ портрет на Тони Зен, хип-хоп артист; | 14:01:48 | 14:50:57 | |
| „Храмови" – репортажа за црквата - Св. Пророк Илија, с. Рамна; | 16:33:38 | 16:49:34 | |
| „Неформално", ТВ – портрет на Вера Милошевска, пејачка; | 16:59:15 | 17:46:45 | |
| „Досие", актуелно - информативна со документаристички пристап; | 18:01:16 | 18:29:37 | |
| „Неформално", ТВ - портрет на д-р Владимир Чадиковски, специјалист по детска хирургија; | 19:27:54 | 20:15:41 | |
| Репортажа за Чернобил | 20:51:15 | 21:12:29 | |

**8. Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на членот 14 од Законот за медиуми**, програмскиот сервис на Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје, емитуван на 19 март 2018 година, во дел од емитуваните програми, не ги објави податоците што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

**9. Предлог мерка:**

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје и согласно со точката 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 45 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи:***